**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 17 декември 1999 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со утврдениот дневен ред.

Продолжуваме по точка 12 по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за републички награди, која вчера беше одложена поради немање на претставник.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлог на законот, за изменување и дополнување на Законот за републички награди.

ЗПК поднесе амандмани за менување на член 1, член 5 и на член 6 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Текстот на предлог на Законот.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 1 и за менување на член 6.

За тоа немам податок дали претставникот на Владата се согласил или не.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за политички систем.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Владата го прифаќа амандманот со кој се врши прецизирање и правно - техничко подобрување на членот 1 од Предлог на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој текст е составен дел на Текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

Со овој амандман се врши исто така прецизирање на називите на министерствата, во согласност со Законот за органите на управата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлог на законот и законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно присутни се 65 пратеници.

Гласале "за" 52 пратеника, 1 "воздржан" и 6 "против".

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Барам да се гласа поединечно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во Деловникот и во Уставот е јасно кажано: од присутни, а не кои гласале.

Тоа мораме да го надминеме.

65 пратеници се присутни во салата, 59 гласале од кои 52 'за" 1 'воздржан" и 6 против".

Никаде не се вели: кои гласале, туку од присутните.

Еднаш мора да се разбере, од присутните.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Со оглед на тоа што деловнички навистина не ни се регулирани работите, дали присутните влегуваат во кворум, или оние што се изјаснуваат во текот на гласање.

Единствена можност да се провери кворумот е со поединечно гласање.

Бидејќи имам поддршка од 10 пратеници, молам да се гласа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во член 69 се вели: Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на присутни. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а не од оние кои гласале. За да работи Собранието потребно е мнозинство од 61 пратеник, а да се донесе закон и да се изгласа, од присутните, а не од оние кои гласале. Прочитајте го членот 69 кој е многу јасен. Ќе го повторам пак. Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број на пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а не од оние што гласале.

Господа пратеници или ќе го почитуваме Уставот, или ќе ја почитуваме навиката на некој. Уставот е јасен и гласен: од присутните, а не од оние што гласале.

Дали има потреба да го повториме гласањето?

Да гласаме повторно.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 69 пратеници, гласале 65, 56 "за", 8 "против" и 1 "воздржан".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за републички награди.

Се навраќаме на точката 19 - Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот за сеопфатна забрана на нуклеарните проби, со Предлог на закон.

Нема претставник на Владата.

Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Прво, да видиме дали имаме претставник за да можеме да работиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имаме претставник.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Во тој случај би сакала да дадам неколку коментари на овие измени и дополнувања што се предлагаат од страна на Министерството за образование.

Имено, се предлага да се брише ставот 2 од членот 80 од Законот, како и членот 80-ж, исто така се предлагаат измени во членот 103.

Во коментарите што ги направивме по повод овие измени заклучивме дека бришењето на ставот 2 е апсолутно непотребно од членот 80, бидејќи тоа го дефинира и дополнува поимот на учебник, при што остава можност и за оној креативен елемент што се содржи во образложението на овие измени, односно воведување на друга или помошна учебна литература. Особено го коментиравме и се спротивставивме на бришењето на вториот дел од членот 80-ж, каде што Министерството за образование предлага да се прескокне една важна инстанца во утврдувањето на подобноста или ако сакате на видот на списанија и литература, кои што ќе се користат во основните училишта. Имено, во членот 80-ж се брише инстанцата Педагошки завод на Македонија, кој утврдува кои списанија и литература можат да се употребуваат во основното училиште и целата работа се префрла по вертикала од Републичкиот педагошки совет до министерот за образование.

Сметаме дека бришењето на улогата на стручните инстанци во еден ваков процес не е оправдано, затоа што колку да има да речеме поклопување во извесни ингеренции помеѓу Заводот, Советот и министерот, сепак станува збор за стручно советодавно и извршно тело. Сметаме дека начинот на кој што се конципира воведувањето на оваа помошна или дополнителна литература, за која што ќе одлучува наставникот во договор со учениците и родителите без да има еден критериум по кој основ тоа би се правело, може да доведе во волонтаризам и до злоупотреби во одредувањето на типот на учебници и помагала кои што ќе се користат.

Затоа сметаме дека, се непотребни овие измени и дека врз основа на постојниот закон може да се работи и понатаму при што ние не инсистираме на формата на која што инсистира Министерството за образование, туку инсистираме на нешто што е од првокласно значење, а тоа е подобрувањето на самиот квалитет на учебници, за што овде малку станува збор или воопшто не станува збор. Се воведува категоријата креативност, која што во суштина не е правна категорија и кои што во суштина можат да бидат изведени или да се работи на нив и врз основа на законот таков каков што е.

Истите забелешки, бидејќи станува збор за идентичен тип на измени и во Законот за средно образование, важат и за него кога ќе дојде на ред.

Затоа, ние нема да гласаме за овие промени.

**ДИМИТАР БАТКОСКИ:**

Јас сакам само накратко да изнесам некои елементи од дискусијата во Комисијата, бидејќи сум одреден и за известител на Комисијата за образование и наука.

Точно е дека имаше дискусии кои што ги изнесе претходниот дискутант, меѓутоа не во таа форма како што се кажа, бидејќи тоа беше поединечно мислење. Заклучок на Комисијата, а повеќето дискутанти истакнаа дека баш напротив овие промени иако само наизглед изгледат дека се мали и безначајни, тие се на некој начин од суштинско значење. Еве зошто. Овој член за кој станува збор тоа е членот 80 втората алинеја, ќе ми дозволите да ја прочитам од постојниот закон кој што досега е во примена кој гласи: под учебник во смисла на овој закон се подразбираат прирачници за наставници, лектира, работни тетратки итн.,

наведува работи кои што тоа не е учебник. Јас не знам во постојниот закон кој го вметнал ова, како го вметнал? И ако законодавецот не знаел што е учебник без оглед дали се работи за учебник универзитетски, учебник во средно училиште, учебник во основно училиште, тој е учебник. По сите дефиниции кај нас и светски се знае што е учебник. Не може како што стои овде тетратки да бидат учебници. Тоа е еден апсурд кој што и до сега не требало да постои, или збирки на некои задачи и т.н. Во таа смисла со право Министерството предлага оваа алинеја од членот 80 да се брише, бидејќи секако не може ние со закон да дефинираме што е учебник. Учебник е учебник. Ова што се предлага и во членот 80-ж каде што се иззема Педагошкиот завод и тоа е оправдано, затоа што веќе Републичкиот педагошки совет е тој кој што сепак врши одредена рецензија, одредена дозвола за печатење на тој учебник. И во крајна линија Педагошкиот завод и Републичкиот педагошки совет на некој начин беа брана за работи, кое што се правеше во одредени учебници, се прогласуваа учебници, а тоа не се учебници, обични тетратки се прогласуваа за учебници и од тоа верувајте имам впечаток дека се правеше огромен бизнис, затоа што во средното, односно во основното образование има огромен број на ученици и замислете кога ќе ги поминеше овие истанци и од Републичкиот и од Педагошкиот завод тоа беше обврзувачко за сите ученици во Македонија, за сите родители. Ми се чини дека тоа беше апсурд, така се заклучи и на Комисијата. Во таа смисла морам да кажам дека поубаво образложение даде и министерот со неговото присуство на оваа Комисија и тоа беше толку јасно и овие предлог измени требаше да дојдат и многу порано.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници. Ќе образложам зошто ќе гласам за овие измени и на едниот и на другиот закон. Доаѓам од образованието и мислам дека на добар дел од пратениците им е познато како се донесуваат наставните програми и планови. И не можам да сфатам зошто да станува збор за волонтаризам кога знаеме дека наставните планови и програми ги донесуваат стручни екипи, се разбира со поддршка на Министерството. И сосема е на место да му се дозволи на наставникот, на директниот актер во изведувањето на наставата да има и свој удел во реализирањето на наставата. До сега знаеме кои се ги изготвуваа тие помагала. Се знае учебници како се одбираат, кои учебници можат да бидат одбрани и т.н.

Меѓутоа, за оние додатни помагала како што се работни тетратки, лектири и т.н., треба да се даде полна слобода, бидејќи еве јас ќе појдам од предметот математика. Не може наставникот во “Раде Јовчевски Корчагин" во хемискиот училишен центар “Марија Кири Склодовска" и во Фискултурното училиште да има ист аршин спрема учениците и на ист начин да се однесува спрема нив и да бара иста помошна литература, да речеме збирки на задачи, во математиката станува збор за збирки на задачи, или македонски јазик, не може на ист начин да се бара, или иста лектира да се бара во училиште со општествено хуманитарна насока, во стручно училиште и некое училиште кое е за технички кадар, електро техничари, хемиски техничари и т.н. Мислам дека треба да се даде слобода на наставниците. Овде се кочи работата да не се донесе овој закон, најповеќе гледајќи го личниот интерес, протежирајќи ги своите луѓе, бидејќи до сега за да влезе еден автор во лектирата тие што пишуваат, авторите на пишаниот збор, тие знаат колку е и на кој начин се доаѓа лектирните изданија во училиштата, во основните и во средните. А помагалата особено во основните училишта по математика, работните тетратки се знае кој ги изготвуваше, луѓе кои се најдиректно вклучени во Педагошкиот совет. Друг тешко да можеше да изготви и да му биде прифатена работна тетратка. Сметам дека се квалификувани наставниците, завршиле такво образование и во соработка со родителите и со учениците најкомпетентно ќе можат да одберат помагала, се разбира, не учебници. Се знае дека, да речеме еден автор по македонски јазик Ацо Шопов е застапен со три часа и се знае на тие три часа еден час ако се обработува делото на Ацо Шопов, следниот ќе биде лектира, нека има слобода тој професор да одбере кое дело ќе се обработува. Не може ист обем на лектира да се обработи во едно силно училиште каде што со 5,00 се запишале учениците и да речеме во земјоделското училиште, или во некое друго стручно училиште, каде што просекот на запишаните ученици, просекот на успехот е некаде едвај околу 3,00.

Затоа давам полна поддршка и сметам на целосна компетентност на наставниот кадар, бидејќи имаме компетентен наставен кадар и не треба да се сомневаме и да фрламе дамка на тие луѓе. Сите ние сме поминале низ рацете на наставниците, кои можеби сеуште работат или добар дел веќе се пензионирани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Во врска со Предлогот за донесување на закон, за измена и дополнување на Законот за основно образование, јас само ќе кажам дека со нужен респект се однесувам кон дискусиите кои беа од страна на опозицијата дадени, од причина што сметам дека Педагошкиот завод навистина е стручна институција, кога досега успешно си ја вршеше својата работа во смисла на понуда на учебни помагала и лектири. Меѓутоа Предлог - измената која се предлага, не е од причина да го исфрли Педагошкиот завод од игра, како што овде беше речено во малку по заобиколена форма, туку од причина да се воспостави подобар контакт меѓу учениците, меѓу професорот, односно со училишниот совет, се со цел за да може во таа соработка да се најдат некои понови инвентивни идеи и да се воведе еден поактивен пристап на учениците кон изборот на таа литература, а особено на училишните совети во кои членуваат и нивните родители. Од таа причина, оваа Предлог - измена ја сметам како креативна во тој дел и се надевам дека ќе ги донесе очекуваните резултати. Далеку од тоа дека Педагошкиот завод е нестручна институција и дека досега не можел да ја врши успешно оваа работа, меѓутоа, бидејќи во овој момент ќе бидат вклучени повеќе би рекла креативни луѓе, кои ќе можат значително да го подобрат воспитно - образовниот процес, сметам дека треба да ја изгласаме Предлог - измената на законот, се со цел за да имаме едно по креативно и по ефикасно образование.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани претставници на Влада, почитувани дами и господа пратеници, ќе настојувам да не се повторам, односно да не ги повторам дискусиите на претходните дискутанти, туку би кажал нешто мое, со цел да придонесам и да дадам поддршка на овој Предлог - закон.

Најнапред треба да знаеме која е целта на овој закон. Јас би ја кажал најнапред целта. Целта на овој закон е да се подигне нивото на воспитно -образовниот процес, а ќе се подигне нивото на воспитно - образовниот процес, само ако се даде можност да се користи воспитно - образовната литература. Да не ги ограничуваме наставниците во некакви рамки. Што се постигнува со тоа? Најнапред се подигнува работоспособноста кај наставниците. Исто така, со подигањето на работоспособноста кај наставниците се подигнува само довербата кај секој наставник и самоувереноста кај секој наставник. Покрај тоа, ќе се подигне на многу повисоко ниво креативноста кај наставниците, а сето тоа ќе придонесе добро материјалот да се запознае и на тој начин наставникот да пријде кон возрасните карактеристики кај децата, кај способностите и претходното знаење што го имаат децата и афинитетот кон учениците. Пред малку мојот колега Илија кажа дека разни училишта имаат различно ниво и различни афинитети кон одделни предмети.

Од тие причини, јас би додал уште нешто. Најчесто оние кои досега ги пишувале учебниците, има и такви автори кои воопшто не работеле во основно или средно училиште, туку директно од високо образование ги пишуваат учениците и тие не можат да ги сфатат способностите на тие деца. А наставникот кој постојано работи и долго време работи со тие деца, децата ги познава во целина и ги знае нивните способности. Исто така, од генерација до генерација може да има разлика и наставникот ќе ги прилагоди темите на ниво на способностите на децата.

Сигурно дека секој закон може да се критикува, има лоши и добри страни. Јас кажав кои се добрите страни. Лош би бил некој недостаток доколку не се почитува законот. Ако не се почитува законот, тогаш постојат и соодветни институции кои ќе превземат мерки. Тука е Републичкиот педагошки совет со министерот. Тие се тие кои треба да водат грижа за непочитување на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Прво, јас сакам да дадам некои дополнителни елементи на аргументацијата што пред малку ја изнесов пред вас. Имено, ако внимателно се чита постојниот текст на законот, членот 80, ќе видиме дека постојат два елемента на кои треба да обрнеме внимание.

Прво, дефинирање на поимот учебник како општ поим или генерички поим, ако се разбираме со колегите и второ, едно "и" во вториот став на овој закон укажува, докажува, покажува дека освен потесниот поим учебник, овде се подразбираат и, значи "и", прирачници за наставници, лектира, работни тетратки, збирка на задачи, речници, атласи и друга учебна литература. Сега ако се осврнеме на тежината на ова "и" ми станува појасно дека ставот 2 овозможува и креативност онака како што е овде изнесено во образложението за измени и дополнување.

Второ, ставот 2 во крајот на

реченицата го содржи поимот "друга учебна литература". Значи, веќе е содржан поимот на друга учебна литература, односно дополнителна, односно помошна литература. Не ми е јасно зошто овој став треба да се избрише, кога има два момента. Прво се дефинира општиот поим учебник, второ, се укажува и на дополнувањата, на се она што влегува во еден наставен процес. Тука изгледа не се разбираме добро.

Второ, без да се остварува исклучително важната улога на наставникот, учениците, родителите и т.н. во таканаречениот креативен процес на избор на учебници, литература, дополнителна литература и т.н., се поставува едно клучно прашање кое му беше поставено на министерот за време на седницата на Комисијата и на кое не се доби одговор. Прашањето е следното: Имено, дали сепак последната истанца која го регулира овој избор е министерот. Обрнете внимание на пример на образложението. Овде стои вака: "Со оваа измена ќе се создадат услови сите автори кои ја создаваат дополнителната литература за наставата да се појават слободно и непречено на пазарот преку своите издавачки куќи, а учениците, нивните родители, наставниците и училиштата да го направат својот избор". Мора да постои минимум критериум во составување на еден комплекс на учебници и помагала, затоа што еве да речеме во "Раде Јовчевски Корчагин" професорот и учениците повеќе сакаат детективска литература, па да речеме нивниот избор е Агата Кристи потоа, во "Јосип Броз Тито" повеќе сакаат авантуристичка литература, а во некоја трета гимназија станува збор за класична литература или она што го викаме ние белетристика, базични дела на литературата. Кој е оној обединувачки фактор, минимум обединувачки фактор кој ќе учествува во создавањето на еден минимум корпус неопходен за изучување на оваа област.

Затоа, тврдам, бидејќи министерот не можеше да каже кој ќе биде тој фактор кој ќе го дава оној минимален рестриктивен приод кон целата оваа проблематика, сметам дека вака како што е направено овде со функцијата и тоа неприкосновена функција која што ја има Педагошкиот завод, треба да остане вака како што е.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

Молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 56 пратеници "за", 2 пратеници "воздржани" и 12 пратеници "против".

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме. (По гласањето).

Од 82 присутни пратеници, вкупно гласале 71 пратеник, од кои 57 пратеници гласале "за", 3 пратеници "воздржани" и 11 "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на законот.

Пратениците Замир Дика и Билал Љутфии поднесоа амандман за бришење на член 3, по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да земе збор.

**ФЕЈЗУЛА ШАБАНИ:**

Изгледа не се познаваме, еве јас сум заменик министер. Рековте дека нема претставник на Владата, но еве јас сум претставник.

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, Владата го усвои амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно присутни 82 пратеници, гласале 60 пратеници, од кои 44 пратеници гласале "за", 5 пратеници "воздржани" и 11 пратеници "против".

Господа пратеници, ќе се применува одредбата од Уставот.

Присутни се 82 пратеници, а гласале 60 пратеници.

Ќе го применуваме Уставот или ќе ја применуваме техниката?

Техниката покажува дека во салата се присутни 82 пратеници, но вкупно гласале 60 пратеници.

Дали ќе гласаме или нема да гласаме.

Вака ако продолжиме секој момент ќе гласаме поединечно.

Ве молам повторно да гласаме.

Ќе го повториме гласањето. Ова е последен пат.

Инаку, ќе примениме физичко броење.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 52 пратеници "за", 7 пратеници "воздржани" и 6 пратеници "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

Преминуваме на 18-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 84 пратеници, гласале 64 пратеници од кои 58 пратеници гласале "за", двајца пратеници "воздржани" и 4 пратеници "против".

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно 84 присутни пратеници, гласале 69 пратеници, од кои 61 пратеник гласале "за", 3 пратеници "воздржани" и 5 пратеници "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Замир Дика и Билал Љутфии поднесоа амандман за бришење на член 3, по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ФЕЈЗУЛА ШАБАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот се прифаќа, истиот станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот н Предлогот на законот го ставам ка гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 84 пратеници, гласале 69 пратеници, од кои 57 пратеници гласале "за", 6 пратеници "воздржани" и 6 пратеници "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование.

Преминуваме на 20-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви животински и растителни видови, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за ратификација на Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви животински и растителни видови.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од вкупно 86 присутни пратеници, гласале 73 пратеника, од кои 63 за, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме.

Од вкупно 86 присутни пратеници, гласале 68 пратеника, од кои 66 за, воздржани нема и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отварам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 85 присутни пратеници, гласале 69 пратеника, од кои 68 за, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација за Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени диви животински и растителни видови.

Минуваме на точката 21 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на член 50-а од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на член 50-а од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, со Предлог на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 86 присутни пратеници, гласале 73 пратеника, од кои 72 за, воздржани нема и 1 против.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 86 присутни пратеници, гласале 71 пратеник, од кои 71 за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отварам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 86 присутни пратеници, гласале 68 пратеника, од кои 67 за, воздржани 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот кој се однесува на амандманот на член 50-а од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство.

Минуваме на точката 22 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за културна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Сакам да ја потсетам јавноста и Собранието дека ние сметаме дека е грешка признавањето на територијата Тајван и од тие причини овој закон не можеме да го поддржиме, бидејќи сметаме дека е начелно против меѓународната позиција на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за културна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 86 присутни пратеници, гласале 70 пратеника, од кои 61 за, воздржан 1 и против 8.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 86 присутни пратеници, гласале 61 пратеник, од кои 52 за, воздржан 1, против 8.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отварам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 83 присутни пратеници, гласале 66 пратеници, од кои 57 за, воздржани 1, против 8.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за културна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина.

Минуваме на точката 23 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Овде се работи за нешто подруг пристап, меѓутоа причините се еднакви.

Односите со нашите соседи беа дефинирани и од старата Влада во смисла на соработка, меѓутоа не кога се работи за битни прашања кои задираат во македонскиот национален интерес. Така да економската соработка со Република Бугарија воопшто не е спорна и таа треба да се развива како што треба да се развива со другите соседни држави, меѓутоа условите под кои се потпишува и се потпишуваат договорите сметаме дека се против македонските национални интереси и затоа пратеничката група на СДСМ ќе гласа против.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Китановски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 84 присутни пратеници, гласале 71 пратеник, од кои 63 за, воздржан 1 и против 7.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 84 присутни пратеници, гласале 64 пратеника, од кои 57 за, воздржани нема, против 7.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отварам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 85 присутни пратеници, гласале 63 пратеника, од кои 57 за, воздржани нема, против 6.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Минуваме на точката 24 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за воздушен сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за воздушен сообраќај.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 85 присутни пратеници, гласале 72 пратеника, од кои 70 за, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 85 присутни пратеници, гласале 64 пратеника, од кои 61 за, воздржани нема, против 3.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отварам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 85 присутни пратеници, гласале 64 пратеника, од кои 64 за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за воздушен сообраќај.

Минуваме на точката 25 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот федерален совет за техничка и финансиска соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот федерален совет за техничка и финансиска соработка.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 85 присутни пратеници, гласале 66 пратеници, од кои 65 за, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од вкупно 85 присутни пратеници, гласале 61 пратеник, од кои 61 за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отварам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

Од присутни 85, гласале 63 пратеници "за". Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот Федерален Совет за техничко - финансиска соработка.

Минуваме на точка 26.

Предлог за донесување на Закон за Ратификација на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвои Предлогот за донесување на Закон за Ратификација на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 83, гласале 63 пратеници. 62 пратеници гласале "за". Против нема. Еден пратеник беше воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам, да гласаме.

Од вкупно 84, 64 пратеници гласале. 64 пратеници гласале "за". Против нема. Воздржан нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлог на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Од присутни 84, гласале 65 пратеници. 64 пратеници гласале "за". Против гласаше еден. Воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција.

Минуваме на точката 27.

Предлог за донесување на Закон за Ратификација на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија, за соработка на полето на здравјето на животните, со Предлог закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Законот за Ратификација на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија, за соработка на полето на здравјето на животните.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 84, 65 гласале. 65 пратеници гласаа "за". Против нема. Воздржан нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме.

Од присутни 84, 58 пратеници гласале. 58 пратеници гласале "за". Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлог на текстот на Законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, по текстот на Предлогот на законот и Законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, гласале 65. 65 пратеници гласале "за". Против нема. Воздржан нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија, за соработка на полето на здравјето на животните.

Минуваме на точка 28.

Предлог за донесување на Закон за Ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија за соработка во областа на заштитата на растенијата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го донесе и да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлог за донесување на Закон за Ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија за соработка во областа на заштитата на растенијата.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 85 пратеници, гласале 65. 65 пратеници гласале "за". Против нема. Воздржан нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од 85 пратеници, гласале 63 пратеници. 63 пратеници гласале "за". Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

За збор се јави пратеникот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

По точката 29 и точката 30 од дневниот ред, со оглед на тоа што има поднесено многу амандмани по оваа точка, јас барам 15 минути пауза, за да се договориме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По која точка?

**ЗАМИР ДИКА:**

За точката 29 и точката 30 од дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да ја завршиме точката 28, па тогаш ќе се договориме.

**ЗАМИР ДИКА:**

Да, и тогаш ќе побарам пауза.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Точка 29 е на дневен ред?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, не сме гласале за точката 28, па предлагам да ја довршиме.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Добро, после тоа ќе се договориме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Дика, дали останувате на овој предлог? (Да).

Тогаш да продолжиме по точката 28.

Бидејќи никој не бара збор, отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 85 пратеници, 70 гласале. 70 пратеници гласале "за". Против нема. Воздржан нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија, за соработка во областа за заштита на растенијата.

Господа пратеници, се јавивте пред време по точката 29 и барате 15 минути пауза.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Ако одиме на пауза, тогаш не би дискутирал.

А ако не одиме, би се јавил по оваа точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Па, јас не знам што да направиме, дали да одиме на пауза или...

Господине Карангелески, дали Вие барате пауза од свое име или од името на

пратеничката група.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Во име на Пратеничката група.

Ако може тогаш малку да продискутираме.

Пратеничката група на Демократска алтернатива...

Јас не барам пауза.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Замир Дика се јави пред време, па Вие потоа се јавивте.

Господине Дика, дали од свое име или од името на Пратеничката група барате пауза.

**ЗАМИР ДИКА:**

Во име на Пратеничката група побарав пауза од 15 минути, за да се до консултираме со групата.

(Пауза од 15 минути).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По паузата продолжуваме со работа.

Продолжуваме со 29-та точка:

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за надворешно трговско работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и известувањата на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

За збор се јави процедурално Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Со оглед на тоа што содржината на 29-тата и 30-та точка е идентична, а за 29-тата точка не се изјаснил претставникот на Владата, барам прво да се изјасни претставникот на Владата, а исто така немаат дискутирано и собраниските комисии.

Сметам дека е нарушена процедурата.

**САЗО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, претставникот на Владата да се изјасни.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам да ве известам дека, Владата на Република Македонија, по однос на ова прашање, своето мислење го даде во точка 30, така што ценам дека беспредметно е да се расправа за точка 29, бидејќи се работи за истата суштинска промена, меѓутоа, нашето мислење е дадено во следната точка, односно по точката 30.

Така што, како точка не ја прифаќаме точка 29.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние дописот од пратеникот Шахиќ го доставивме до Владата. Владата не расправала по ова прашање. Но мислам дека тоа не пречи ништо. Тие се две одвоени прашања. Ако ја погледнете содржината и на едното и на другото и на третото барање на амандманите итн., има големи разлики во барањата и токму за тоа, јас мислам да отвориме една принципиелна расправа и во таа смисла ние најнапред водиме општ претрес по предлогот, по едниот и другиот предлог, па ќе видиме, што ќе покаже предлог расправата.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Знаеме дека е практика, ова Собрание да работи со изјаснување претходно на собраниските тела, а особено на ЗПК. Јас не успеав да видам извештај на ЗПК, по повод оваа точка, бидејќи се работи за Предлог - закон предложен од пратеник. Така што, би било илузорно, Собранието да расправа. Ние вчера симнавме точки од дневен ред, кои што беа предложени од Владата, заради тоа што оваа Комисија не се произнесе. Сега 6и било не процедурално и воопшто не во ред, Собранието да расправа. Треба точката да се симне од дневен ред, да се предложи евентуално, за друга седница, а Собранието да си продолжи со точката 30.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Јас ќе се осврнам и процедурално и содржински. Прво, процедурално.

Сметаме дека и 29-та и 30-та точка од дневниот ред, се однесуваат на иста материја и конвергираат на она што е содржината, бидејќи по датумите, нашиот пратеник прв достави Предлог на закон, по кој Владата требаше да даде свое мислење.

Владата не даде свое мислење, слушнавме сега од министерот и сметаме дека е несериозно према Собранието да не се даде мислење, со оглед дали е тоа позитивно или негативно и со оглед на тоа ниту ЗПК, ниту Комисијата за стопанство не расправаше, односно оваа точка се симна од расправа на комисиите на Собранието. Така да процедурално, оваа точка треба да се симне од дневен ред. Меѓутоа, исто така пратеничката група на ДА, смета лека овој однос на Владата ви за ви Предлог на закон, е несериозен. Понатаму би укажале да се произнесат, независно какво е решението, односно мислењето на Владата.

Што се однесува до целата материја, сметаме како пратеничка група дека материјата, односно предлогот и она што е заклучено на Комисијата, каде што

амандмански се укинува, односно се симнува катализатор како услов од Владата, што е контрадикторно на Законот за стандардизација.

Ние сите се залагаме за влез во ЕУ, имаме препораки и директиви, во однос на тоа што значи екологија, во однос на сите други елементи и предлагаме да се симне денеска од дневен ред и точката 30 и заради препораките и директивите на ЕУ и заради решението на Комисијата за стопанство е во контрадикторност со Законот за стандардизација.

Колку што сме информирани постои интер - ресорска група помеѓу три министерства: Министерство за финансии, Министерство за сообраќај и врски и министерство за екологија, која што е задолжена да направи еден сеопфатен осврт на оваа проблематика за обновување на возниот парк. Исто така има и некои размислувања во насока генерално да се реши оваа проблематика, во смисла на смалување на царините и даноците и за новите и за старите возила и со оглед на фактот, дека имаме голем број на амандмани, поднесени од неколку пратеници, каде што има да се продолжи од три на шест, на седум, на осум години, старост на возила, а понатаму, дали моторни, дали патнички, дали со приколка итн., една цела материја, која ни се даде тука, во овие два дена амандмански, сметаме, од сите овие соображенија дека треба да се симне точката, да се врати повторно на разгледување во министерството и да се даде еден сеопфатен осврт и оваа проблематика еднаш да се реши и плус за она што значи систем на хомологација, каде што сметаме дека тогаш ирелевантно ќе биде, дали ќе бидат три, шест, осум или десет години, бидејќи со тоа ќе се регулираат стандардните и техничките карактеристики на сите возила, кои што ќе можат да се увезат во Република Македонија. Исто така, предлагаме да се види и друго решение, во однос на она што значи смалување на царините и даноците.

Сега, ова како што е решено, со амандманот од Комисијата за стопанство, јас се изземав во име на пратеничката група на ДА, е контрадикторна со Законот за стандардизација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Радомир Карангелески.

За збор се јави г. пратеник Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Мислам дека имаше претходно поставување процедурални прашања, јас се пријавив за општа расправа по законот.

Доколку ја отвораме општата расправа, ќе дискутирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да расчистиме прво со процедуралните прашања.

Господинот Милан Ставрев бараше процедурални прашања.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Двата Предлог - закони беа предмет и тема на расправа на Комисијата за стопанство. Дваесет и деветата точка, се однесува на Предлог - законот, кој што го достави г. Алија Шахиќ.

На Комисијата за стопанство, неговиот Предлог - закон беше отфрлен, бидејќи Владата не се изјасни според неговото барање, односно според неговиот предлог, што е и со процедурата на Парламентот.

На самата Комисија за стопанство, г. Шахиќ се согласи неговиот Предлог -закон да биде, или како Предлог - закон, или во форма на амандман доставен на оваа седница на Собранието. Мене ме чуди, како тој дошол, како точка на дневен ред на Собранието. Тоа е првиот дел.

Вториот дел, што би сакал да го појаснам во име на Комисијата, тоа е дека има комплетно различна содржина и едниот и другиот Предлог на закон. За едниот се работи, зборувам за точка 30, се работи за увоз на леќи автомобили, а за точка 29 се работи за леќи автомобили и тешки товарни возила и приклучни возила со нив. Така што, сметам дека, ако ова не помине на Комисијата, односно г. Шахиќ, се согласи да се јави во амандманската расправа, ние можеме да дискутираме за неговиот предлог, како амандман, а не како точка од дневен ред. Тоа е едно.

На комисијата се зазеде следниов став: бидејќи беше дискусијата малку подолга, да се дозволи увоз, односно тоа е став на Комисијата, на леќи коли до шест години, со непречистен став, дали ќе бидат со катализатор или без катализатор.

Остана тоа да се расчисти на собраниска расправа.

Толку, во врска со Комисијата во врска со состојбата на овие два, еден закон и еден амандман, наместен како закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Милан Ставрев.

За збор се јави г. пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Мене ме изненадува ставот на некои пратеници, кои сакаат по секоја цена да ја девалвираат позицијата на пратеник, затоа што пратеникот има право, како и Владата и се знае точно и дефинирано, кој има право да поднесе закон, што не значи дека, по секоја цена мора Владата да даде мислење. Тоа е пожелно но не мора да даде Мислам дека е дијалектичка борба секаде во светот, Парламентот што повеќе да добива ингеренции, да не биде сервис, односно да не биде зависен од Владата. Ние денеска го правиме спротивното. По секоја цена, бараме Владата да ни биде диктатор за тоа како треба да изгледа законот.

Ние како пратеници, треба да се бориме да имаме нормално, легитимно право да поднесеме закон, а за него не мора Владата да се произнесе.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас би сакала повторно процедурално да укажам на тоа што јас кажав.

Очигледно дека бев погрешно сфатена од некого. Воопшто не се работи некому да му биде одземено правото да предлага закони. Само зборував процедурално, тоа е практика на работа на ова Собрание, секој еден акт, кој што има содржина на закон, да помине низ ЗПК и на сите оние комисии, кои се значајни од делот кој што ја уредуваат содржината на законот. Бидејќи таа процедура е укината, јас не навлегувам дури ни во тоа, кој го предложил законот, ниту каква е содржината на законот.

Она што господинот Карангелески го предложи, го почитувам. Меѓутоа, бидејќи има можност за предлог на измена на законот, за нова на дневен ред, сето тоа се триста варијации, кои можат да се искористат од ова Собрание.

Затоа, конкретно предлагам 29-тата точка да се симне од дневен ред, заради процедуралната не обработеност, а 30-та, не можеме да ја симнеме, затоа што е уврстена во дневниот ред, за неа се изјасни ова Собрание и ги има поминато сите процедурални инстанци, по кои треба да помине едно законско решение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се јави г. пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Се согласувам со првиот дел дека процедурално точката 29, треба да се симне од дневниот ред, заради причините што ги спомна колешката.

Меѓутоа, исто така, не е по Деловникот, ниту процедурално, ако сакате. Сега расправаме за Предлог за донесување на закон. И во таа смисла, јас кажав дека пратеничката група на ДА, смета дека денеска не треба да се разгледува Предлогот за донесување на закон, од образложението што го кажав пред малку, што не треба да го повторувам.

Така што, мојата дискусија не е надвор од Деловникот, односно процедурата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Јас сум должен, уште еднаш да објаснам.

На седницата на Комисијата за стопанство, врз основа на Деловникот на Собранието, член 296, Комисијата не разговараше, односно не отвори дискусија, бидејќи немаше мислење од Владата. Тоа е она што го кажав. Тогаш се договоривме, веројатно е тука г. Шахиќ, го молам, ако сака и тој да каже. Тој на оваа седница на Собранието излезе со амандман, во врска со неговиот Предлог -закон. Тоа е она што сакав да го кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г. Алија Шахиќ.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Почитуван претседателе, јас на 14.09. поднесов Закон за надворешна трговија и предложив, а тоа го имате, сите пратеници го добија. Владата прифати по овој закон на наредната седница да се произнесе. Наместо тоа, Владата излезе со нејзин предлог за увоз на половни моторни возила, и тоа само за патнички до шест години.

Јас во мојот Предлог на закон, барав камиони, автобуси, комбиња, патнички возила, приколки, полуприколки, со старост до седум години. Многу колеги од други пратенички групи напишаа и амандмани на владиниот предлог. Меѓутоа, во мојот предлог сите тие амандмани се влезени.

Предлагам по овој закон, овој законодавен дом да решава денеска по мојот Предлог - закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор.

За збор се јави г. пратеник Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Јас сакам да дадам придонес да излеземе од оваа проблематика. Ми се чини дека г. Шахиќ даде таков Предлог – закон, а исто така имаше Предлог за донесување на закон од група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ.

Со тоа, во право е г. министер кога вели дека не е ни за едно, ни за друго расправано, но тие врз основа на тие два предлога, донеле еден таков заклучок, кој го имаме во 30-та точка.

Затоа г. Алија може амандмански да интервенира денеска, бидејќи се работи за иста материја.

Предлагам да се симне 29-та и да одиме на 30-та.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Веќе неколку пати се доведуваме во ова Собрание да се толкуваат различни некои аспекти, а имаме процедура. Се согласуваме дека согласно Деловникот за работа на Собранието, точката 29 да се симне од дневен ред, бидејќи не е разгледана.

Јас предложив, во име на пратеничката група, од оние соображенија, 30-та точка да се симне од дневниот ред, за да се врати повторно во Министерството, односно во Владата и да се произнесе Владата, земајќи ги предвид сите овие аспекти што ги изнесовме.

Би замолил г. претседателе, овој предлог да се стави на гласање. Ако се изгласа, вака како што е предложено, ќе треба да се менува овој закон, или ќе треба да го менуваме Законот за стандардизација.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господине претседателе, во овој момент мислам дека не треба да се создаде некоја конфузија, бидејќи двата материјала се на дневен ред. Тоа требаше да се направи, во времето кога се усвоил дневниот ред. Сега ние не смееме, по Деловникот да побараме, да се симне било која точка од дневниот ред. Тоа може да го направи само предлагачот. Овие работи се многу јасни со Деловникот и тука не треба да имаме некоја дилема. Ние сега можеме само да почнеме со расправа. Понатаму, како ќе гласа Собранието, тоа е друга работа. Претставникот на Владата, има право да се изјасни, дали е за првиот предлог, или не е. Дали го прифаќа предлогот, или не го прифаќа. Ние го усвоивме дневниот ред. Сега не треба да имаме дилема дали точката треба да се симне од дневен ред, или треба да стои во дневниот ред. Таква интервенција требаше да се направи на почетокот, кога се усвои дневниот ред. Сега има право само предлагачот да ја повлече точката од дневниот ред, а ние како пратеници го немаме тоа право, бидејќи не сме предлагачи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не се работи овде за иста материја, па сме згрешиле што не сме ја ставиле во една точка на дневен ред. Се работи за различна материја.

Јас сум должен сите пратеници кои ќе поднесат соодветно барање да ги достават до Владата и до комисиите, и се разбира да ги доставам до комисиите и се разбира да ги ставам на седница на Собранието, тогаш да се одлучиме дали се произнеле или не се произнеле.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Денес имаме предлог и од две пратенички групи оваа точка да ја симнеме од дневен ред.

Со оглед на тоа што предлагачот г-динот пратеник Алија Шахиќ останува на предлогот оваа точка да остане и отиде на тоа да се преформулира како амандман, во тој случај ние имаме предлог точката денес, бидејќи Владата не ја разгледува, ако не ја разгледа Владата ние не можеме да расправаме, оваа точка во дневниот ред да ја симнеме. Но, за да ја симнеме треба да гласаме и со гласање да ја симнеме од дневен ред.

Според точката 29 ја ставам на гласање, дали да ја симнеме од дневен ред.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Во тој случај ние ќе можеме да ја симнеме и 30-та точка, а точката е внесена во дневниот ред, ако предлагачот не се произнесе односно не се изјасни за неа останува и понатаму или како посебна точка или евентуално сам да ја повлечи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние можеме да побараме од г-динот Шахиќ да ја повлече и да го формулира тоа како амандман, ако на тоа е спремен г-динот Алија Шахиќ.

Го молам г-динот Шахиќ да се произнесе со оваа точка од дневниот ред.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Ја повлекувам и амандмански ќе го доставам тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, амандмански ќе го доставите.

Добро, предлагачот ја повлече точката 29.

Минуваме на точката 30, Педлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно трговско работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Има збор пратеникот Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денеска на дневниот ред на нашата седница имам една мала измена на еден закон. Мала измена меѓутоа предизвика голем интерес кај граѓаните на РМ, а токму интерес предизвика и кај нас пратениците, бидејќи сведоци сме на голем број на поднесени амандмани од наша страна во Собранието.

Не се јавувам за дискусија по амандманите, сметам дека многу се разновидни. Мој мотив е целта на законот. Дали со овие измени кои ги предлага Владата, иако беа покренато порано од група пратеници, наши колеги, дали со овие измени на закон се постигнува целта, а целта беше дека со измените на овој закон многу застарениот возен парк во РМ ќе го обновиме и притоа ќе овозможиме на наши граѓани преку помали средства да дојдат до добри возила и во исто време ќе овозможиме и во оваа средина да го зачуваме интересот, а тоа е еколошкиот интерес, бидејќи сме земја со многу мала површина. Сето тоа би било добро доколку, јас сепак морам да кажам дека овде не видов некоја поголема анализа или некои поголеми објаснувања дека, со измена на Законот од три на шест години, навистина ние граѓаните знаејќи ја нашата материјална можност, ќе можеме да обезбедиме добри возила, да ги замениме старите истрошени возила, кои досега беа во оптек во нашава држава.

Морам да кажам дека интересот кај сите граѓани беше голем, а од тие причини направив и мои согледувања и сакам овде пред пратениците да ги изнесам, за да знаеме точно што не очекува и што ќе постигнеме со една ваква измена на законот од три на шест години. Морам да кажам дека очекуваме дека возилата ќе дојдат од западно - европските земји и тие возила ќе бидат многу евтини. Од таа причина побарав, во изминатиот период лагер листи на познати производители на лесни возила, бидејќи законот се однесува само за нив. Значи побарав лагер листи и тоа од Германија и тоа на "Опел", "Фолцваген", "Ауди" и "Мерцедес".

Бидејќи реков дека ќе изнесам аргументи што и како ќе биде со овој Закон и реков дека ниту еден амандман што е предложен оваа цел нема да ја оствари за која велиме дека го донесуваме законот од проста причина: Ако земеме да ги разгледаме возилата и ако го оставиме законот со шест години, една "Опел Астра" произведена во 1995 година, во Германија може да се набави по најниска цена, со поминати 50 илјади км, за 14 илјади ДМ. Добра цена според она ако земеме колку чини "Опел Астра" кај нас. Меѓутоа ако на оваа цена додадеме данок на промет, додадеме царина и транспортни трошоци една "Опел Астра" не може да се донесе во Македонија под 22.000 ДМ. Ако земете "Голф" исто така произведен во 1995 година, цената на пазарот во Германија е 17 илјади ДМ. Ако пак, сега да на повторувам царина, данок, транспорт, овде "Голф" од 1995 година ќе го добиете по 28.000 марки. "Ауди" - 80 од 1995 година ќе го добиете по 27.000 марки, "Ауди" 100 ќе го добиете 42.000 марки и "Мерцедес" 1995 произведен, таму на пазар е 26.000 марки, овде ставајќи ги даноците, царината, транспортот е 42.000 марки.

Се прашувам кој е тој, па дури и меѓу нас сега овде, ќе дава за стари возила од 22.000 марки за "Опел Астра", па до 42.000 марки за "Мерцедес". Ќе има заради имиџ некои луѓе што ќе донесат за да се возат во мерцедес, реков сите се над 50.000 км. поминати за 42.000 марки. Меѓутоа, она што граѓаните го очекуваат, она за што кажавме дека ќе ги усогласиме можностите на граѓанинот со можностите од пазарот, да дојдат полесно и поевтино до добри возила.

Исто така гледајќи ги амандманите кои се поднесени, има амандман поднесен на седум години, има амандман поднесен за осум години, тие ги видов, не знам дали има други амандмани. Меѓутоа, знаете дека француските возила се и поскапи, но ова што ви го кажав е од официјални лагер листи на возила. Овие возила од шест до осум години, ако ги запомнавте цените на овие возила, на "Опел астра", произведен 1993 година и реперот е 93 година е некаде околу 18.000 марки за Македонија, "Голфот" е некаде околу 24.000 марки, "Ауди – 80" околу 24 илјади, "Ауди – 100" околу 37.000 марки и "мерцедесот" околу 37.000 марки, ако возилото е старо седум години. Сите овие работи со документи се набавени од официјални организации, кои се занимаваат со продажба на овие возила.

Сега морам да кажам една работа која лично, пак како човек овде не сум многу присталица, дека меѓу осум и десет години стари возила за кои исто така имам документи, ако овие беа на пример, "Опел астра" беше 10.000, сега таа "Опел астра" по тамошна цена се набавува за 5.500 марки. "Ауди" ако сме го набавувале 15.000, 7.000 е марки. Значи има едно драстично опаѓање на границата на возилата, а реков сите се со поминати над 50.000 км. Што заправо ми е дискусијата?

Сметам дека само со ваква измена на законот од три на шест години, не верувам дека некој во Македонија по тие цени ќе купи автомобили, затоа што имаме и по 15, односно 16 илјади ДМ нови возила. Сепак ново е ново, старо е старо.

Сакам да кажам, ако остане вака како што е предложен законот, целта не сме ја постигнале. Останува проблемот на високи цени, кога ќе се донесат во Македонија. Ако сакаме целта на законот да ја постигнеме, прво, мора да извршиме и намалување на данокот на промет и намалување на царината. Без тие две работи цените се вакви како што се предложени. Значи законот без овие други законски документи, кои мора да го следат, не може да ја оствари основната цел.

Исто така, овде сигурно во текстот и по амандманите ќе има многу дискусија, ќе има многу расправа, меѓутоа сакам да напомнам дека зголемување на граници од шест на седум години и тој амандман, предлагачот ги слушаше овие цени, треба веднаш да го повлече. Можеби држи место амандманот до осум години, меѓутоа јас лично сум противник на увоз на автомобили без катализатор. Ние мораме да се бориме да ја сочуваме нашата средина. Јас како човек, како пратеник сум против прекинување на тој дел од законот, иако морам да кажам дека сите возила кои не се со катализатор, или кои не одат на безоловен бензин, туку одат на супер и на другите бензини, тие се некаде од 1000 до 2000 марки во старт поевтини. Меѓутоа, тоа не смее да не поведе и да дозволиме во Македонија внесување на секакви возила, па да кажам и оние кои одат на дизел гориво, да знаеме што прават за средината. Така да она што на почетокот како процедурално прашање колегата Карангелески го постави дека, овој закон можеби треба да оди на доработка, ако ви ги изнесов фактите, ако мислите дека со вакви решенија можеме да ја оствариме целта, јас можам да кажам дека, доколку законот биде вака усвоен, ако не биде намалена царината, ако не биде намален данокот на промет, многу брзо ќе имаме пак измена на законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Благоја Стојковски.

Има збор пратеникот Раде Карангелески.

**РАДЕ КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Што се однесува до Предлогот за донесување на законот, јас би додал уште неколку елементи кои ги дискутиравме и на Комисијата за стопанство, сега би ја проширил малку основната теза што ја изнесов во првото обраќање, набљудувајќи ги трите аспекти: безбедносниот, финансискиот и еколошкиот.

Што се однесува до безбедносниот аспект, еве сега... ми даде колегата пред малку посматрајќи ги лагерите во Германија. Меѓутоа ние сите сме свесни дека голем лагер постои на половни возила во соседна Бугарија, во соседна Албанија, во Унгарија, во Словенија, во Италија, така да какви се и што се тие возила дали се од официјални лагер листи или се со непотполна документација, опасноста веќе на сите е јасна. Меѓутоа, безбедносниот аспект не од тоа дали е документацијата и дали тие возила се легално ставени на лонстоковите со соседните земји што ги спомнав, туку едноставно ќе имаме поплава на стари возила, доколку се усвои тоа што со амандманите е предложено и основниот Предлог на закон на Министерството за трговија, ќе немаме она што значи логистичка поддршка на одржување, резервни делови и т.н. Сите тие возила се стари седум и осум години, значи и сервис и цела онаа служба, ќе имаме од една страна крш по нашите улици и патишта каде што безбедносниот аспект, а знаеме колку е висок степенот на сообраќајни инциденти во РМ.

Второ анализите се направени и со овој Предлог на закон, Буџетот ќе има помал импут од порано. Од финансиска гледна точка на некој начин ова навидум е една огромна поволност за граѓаните од посиромашните слоеви, меѓутоа фактички тоа е една мамка.

Што се однесува до еколошките аспекти, тоа воопшто не треба да се спомнува, на сите ни е јасно.

Што е основата на предлогот. Зошто не сакаме да го изгласаме донесувањето на законот. Сепак оваа материја и измените во даночната сфера, визави некои акции и активности што ги спомнав на поодделни министерства, да се намалат царините, да се усогласат даноците и со новите законски одредби и да се направи една градација за возила кои се со помала кубикажа, значи за оние слоеви на граѓаните кои што се, условно да кажам со потенок џеб, меѓутоа да се имаат предвид аспектите за безбедноста, за еколошкото зачувување на средината кај нас и од друга страна, сепак, полнењето на Буџетот, како основа за се она што значи надградба во РМ. Од сите овие аспекти, а со оглед на тоа што ние потпишавме и конвенција или ратификувавме конвенција од сферата на екологијата, во ова Собрание со овој состав и со оглед на Законот за стандардизација и со оглед на она што пред малку го реков визави препораките и директивите на Европската унија, најдобронамерно сметаме дека оваа материја не треба палијативно да се решава, туку сеопфатно да се реши во контекст на измена на Законот за царини и измена на Законот визави возилава, без оглед, не ограничуваме, дали се тоа само патнички возила или се

работи за товарни, значи еден сеопфатен пристап и систем. Од тие причини го изнесуваме нашиот став тоа да се врати, не затоа што е сега предложено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Радомир Карангелески.

За збор се јави г-динот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Уште на почетокот Предлогот за донесување на закон го поздравувам, иако е мал чекор кон либерализација на увозот на автомобили од странство, но сепак е добар почеток.

Уште на почетокот би рекол дека со лимитирање на шест години јас не се согласувам, од следните причини: Досега беше до три години и што добивме од тој Закон, што беше и е уште на сила. Добивме тоа дел од граѓаните, да речам привилеговани, чиновници од најниската, па до највисоката класа се здобиле со модерни автомобили, се разбира и со катализатори. Но, финансискиот потенцијал на нашиот народ се знае колкав е и каков возен парк имаме. Се возат такви автомобили кои се со старост од 20 до 30 години. Еколошки ни најмалку не одговараат. Сакам да кажам уште нешто, од причина зошто не се согласувам со ова.

Во овој изминат период имаше доста манипулација во врска со увоз на автомобили. Разни дилери, трговци кои увезувале такви коли, не од 3 туку од 5 и 15 години, преправале разна документација и ден денеска тоа се прави, правеле фалсификати и возеле такви коли по нашите улици и нашата држава. Тоа е еден вид шверц на автомобили, со што дилерите и трговците се збогатиле со голема сума пари.

Од друга причина би го спомнал следното. Има доста увезени возила со над 3 години во нашата држава, од наши вработени привремено во странство и други физички лица. Колата е подарена, но конфискувана од страна на органите за внатрешни работи и однесена во некои складишта, од типот на Автомото друштво Битола, Скопје или Струмица. После тоа Царинската управа им дава дозвола на истите коли, кои се 10, 15, 20 години, повторно да ги продаваат. Се знае дека не се три годишни, туку се над 3. Се продаваат без катализатор, еколошки не адекватни. Јас незнам во чиј интерес беше тој Закон и што се добиваше од тоа. Јас мислам дека од тоа ништо не се добива.

Второ, можам да го спомнам и ова. Дел од претставништвата кои се претставници на разни фирми, да речеме на Опел, Ситроен, Пежо, Ауди. Кои се тие претставници овде кај нас? Тоа се моќници, бивши властодршци, кои држат монопол за другите кои немаат таква привилегија и ден денеска немаат коли и нема да добијат. Еден нов автомобил како на пример Опел - корса требаат минимум 25 илјади ДМ, а другите до 50 илјади ДМ и повеќе.

Значи, сето тоа е од интерес на некои моќни групации, лични интереси на моќници, па дури би го спомнал и другиот сегмент што во предложениот закон не стои за товарните возила и приклучните возила. Знаеме дека имаме голем број на невработени, а голем број наши граѓани кои работат со товарни возила, а не сме држава која произведуваме такви возила, тука го наоѓаат своето вработување, Тоа воопшто не се спомнува.

На крајот на краиштата, со овој закон го лимитираме граѓанското право на човекот тој да манипулира со својот имот. Зошто му го забрануваме тоа. Дури една компарација, Швајцарија е држава која е со висок стандард, но не е производител на коли, но таа има таков закон која регистрира секоја увезена кола и тоа не по години, туку по кило. Има една друга причина, затоа што секоја кола мора да оди на технички преглед, каде е ригорозен, ако е таа кола кородирана и воопшто еколошки не одговара, тоа се жигосува и нема да се пушти во сообраќај.

Да завршам, амандманот на Чедомир Краљевски и г-динот Јордан Бошков навистина одговара, па техничките служби ја имаат таа одлука да проверат кое возило е еколошки подобно, а кое не е, нека реши, инаку ќе има пак манипулации, дилерства, шверц и пак нема да го подобриме возниот парк на овие што досега рековме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на дискусијата на г-динот пратеник Алириза Лога.

Збор има г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници јас лично како пратеник овој закон ќе го поддржам, со тоа што сигурно предлагачот требаше да понуди некоја по детална анализа, со тоа што ќе докаже кои се целите и дали тие цели ќе можат да се постигнат со овој Предлог - закон и кој ќе ги опфаќа сите можни сегменти кои ги тангира, како што се еколошките проблеми, како што е промена на старосната структура, како што се буџетските ефекти и т.н.

Но, во секој случај мислам дека целосна регулација на оваа проблематика ќе

настане тогаш кога ќе имаме промени во царинските стапки и во даночните стапки. Ова е само еден вентил кој ќе ги даде првите резултати, затоа што една подлабока анализа, убеден сум дека ќе покаже дека во Република Македонија имаме апсурдна ситуација, најнови типови на коли и најстари можни коли, кои денеска се наоѓаат во Република Македонија. За да се ублажи овој апсурд веројатно ќе треба подлабока анализа, но мислам дека овој закон лично ќе придонесе.

Се согласувам со господата кои се загрижени, а и јас сум загрижен за околината, затоа што општа кампања во светот за зачувување на околината, но ќе мора да се согласиме со фактот дека една држава како што е Република Македонија, која дури 2003 година, по стручњаците, треба да достигне ниво на ЦДП од 1989 година, а да имаме кој знае каков резултат во екологијата, тешко дека ќе го постигнеме. Сепак ќе признаеме дека, околината ќе ни биде чиста и колку ќе ни биде чиста ќе зависи и од другите параметри на развиеност на една држава. Јас сфаќам зошто евентуално не можат да се вклучат да речеме во овој закон увоз на автобуси, иако не се согласувам, тоа е веројатно како цел да се помогне на се уште постојната, а до кога ќе постои јас незнам се работи за фабриката "11 Октомври" за производство на каросерија и можам да сфатам зошто до сега беше ова ограничување од 3 години, затоа што ние бевме порано во Југославија и сакавме да заштитиме монопол на Застава, но зошто и понатаму се бара лимитирање на увоз на возила до три години, навистина не ми е јасно.

Потребата за увоз на возила не само леки, туку и автобуси и тешки товарни возила е и те како потребна. Ќе поддржам амандмани од типот дека нема да има ограничување, а како што кажаа некои колеги, да се заостри контролата при регистрација на колите, дека ќе се запазат сите можни стандарди за сигурноста на возилата при сообраќај и нормално еколошките стандарди. Сакал некој да признае или не овде се воочуваат некои лоби групи, кои сакаат да ги заштитуваат увозниците на нови возила. Денеска имаме море на такви увозници на секакви видови возила во Република Македонија, кои преку ноќ се збогатија на сметка на тоа што не им дадоа можност на другите, кои немаат можност да дојдат до такви возила барем по некоја прифатлива цена да бидат во можност да дојдат до тие возила, мислам апсолутно е неприфатлива.

Затоа мислам сите ние пратеници денеска, без оглед дали сме во опозиција или позиција треба овој прв народен закон да го поддржиме, дури да ги подржиме и амандманите кои одат во тенденција да се ограничи на 6 и 7 години. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

Збор има г-динот пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Благодарам г-дине претседателе, имаме од Министерството еден закон во кој имаме 4-5 реда образложение за потребата од донесување на таков закон. Иако се разбира, не е само ова образложение, кое овде го гледаме такво какво што ни е понудено, туку ако се вратиме и на тие што ги минавме и на некои други закони ќе видиме дека образложенијата се слични, еве нека ми биде дозволено да бидам непристоен, никакви од кои навистина не може да се види ниту елементарна, издржана анализа зошто се предлагаат некакви закони и измена на некој закон. Каква анализа соодветното Министерство или Владата направила, кога предлага некакво решение во системот стопански или политички во РМ. За да не бидам сфатен дека имам нешто против овој предлагач, да кажам дека овој предлагач конкретно ми е еден од по симпатичните од Владата и кој нешто повеќе мрда во таа Влада, значи не ми е таа намерата да декларирам појасно, меѓутоа, ме чуди токму тој предлагач да ни дава едно вакво штуро, никакво образложение, односно да нема образложение. Не е образложение ако се каже дека возниот парк на РМ е стар, застарен и треба да се обнови. Сите моторни возила се стари. Тоа е точно. Дали се 10, 12, 14 години, но тука се. Некогаш беа повеќе сега малку се обновуваат.

Меѓутоа, постои анализа од микро аспект, постои анализа од макро аспект кога една одлука се носи. Под микро аспект имавме една фина анализа на г-динот Стојковски од Куманово, која претпоставувам дека кореспондира со вистината, иако не сум од тој сектор, од тој ресор. Таа анализа вели дека бројките ќе покажат такви и такви големини, со вакква дозвола на увоз на вакви возила. На тој аргумент може некој ќе се спротивстави и да каже ако навистина е скапо тоа што го дозволува државата, а го дозволува слободно со 6 – 7 - 8 години, граѓаните не се будали како пратениците, тие се по паметни од пратениците, во секој случај, бидејќи тие ќе треба да ги дадат парите и ако не му одговара нема да ги даде, тогаш на оваа фина анализа на господинот Стојковски можеме да се спротивставиме со констатацијата, па ако навистина е скапо,

значи дозволата да се увезува нешто што е скапо нема да предизвика, незнам какви, негативни ефекти. Ако се согласи г-динот Стојковски со едно вакво размислување, иако анализата јас му ја почитувам.

Меѓутоа, постои макро анализа, а таа макро анализа е должна да ја врши Владата и тоа да ја врши не само едно министерство, туку анализа да прави целата Влада со сите министерства, бидејќи има многу плусеви и минуси. Ако на едната страна нештото се подобрува, на другата страна нештото се влошува. Еве што конкретно мислам.

Ако е точно дека моторните возила во Македонија се застарени со 10 – 12 - 15 години, тогаш прашањето следи, со колкава застареност е машинскиот парк, технолошкиот парк на Република Македонија. Следи прашањето. Ако државата е како едно домаќинство кое што има буџет, како и секое домаќинство, тогаш ако тој буџет не е неограничен, ако е ограничен, а ние знаеме дека и буџетите на граѓаните се ограничени, а и Буџетот на Република Македонија вкупниот потенцијал е крајно ограничен, тогаш и домаќинствата и државата прават некакви приоритети, некакви селекции. Домаќинството ќе рече прво што морам да купам, да им купам храна на децата, да им платам стан каде ќе живеат, да им платам огрев, па да им купам нужна облека, па потоа ќе вели да купам превозно средства, па ќе почне дали има пари за моторно возило, велосипед, дали за мотор, дали за кола, дали за авион и т.н. Државата со Буџетот исто така. И таа има некои приоритети. Прашање е што сака да стимулира во дадениот момент и каде да ги потроши своите девизни пари.

Затоа сакам да го прашам нашиот почитуван министер во моментот, колкав е трговскиот и платниот дефицит на Република Македонија, бидејќи вакви одлуки имаат директно влијание на трговскиот и платниот дефицит на Република Македонија. И јас го знам и тој го знае и Вие го знаете одговорот дека, секоја година имаме 600 милиони долари трговски дефицит. Еве за 10 месеци последната бројка е над 400 милиони. Десеттиот месец дефицитот е рекорден 82,3 милиони долари е негатива. Ако единаесетиот и дванаесеттиот месец е таа, значи ќе стигнеме близу 600 милиони долари трговски дефицит.

Дали ова министерство има анализа, дали има бројка колку Македонија до сега плаќа од тие пари со целиот тој дефицит за увоз на моторни возила од странство? Ја погледнав и таа бројка господа, вели дека за 10 месеци имаме потрошено 52,3 милиони долари за увоз на моторни возила. Која е најголемата ставка во девизниот биланс на трошоците на државата? Енергијата. Знаете ли колку енергијата за 10 месеци. 50 - 60 милиони долари. Значи, колку и возилото. Значи, по приоритетите на трошење на оскудниот девизен потенцијал на Републиката моторните возила се изедначиле со енергијата. Вие знаете дека без енергија стопанството не може да тргне, Македонија има дефицит од енергија. Треба нафта, треба нафтени деривати и др.

Дали министерството има анализа да каже, дали е добро Македонија што троши толку девизи во овој момент за моторни возила, дали може помалку, дали треба повеќе и како една ваква одлука со ваква либерализација од 3 на 6, па од 6 на 8, ќе се одрази на платниот и девизниот биланс на Република Македонија. Дали Министерството за трговија дискутира заедно со Министерството за финансии, дали дискутираат сите на Владата, вкрстувајќи ги аргументите или секој оди кој во клин, кој во плоча. Таму трула солидарност, никој за предлогот на министерството, ако директно не е засегнат некој министер, можеби од лични причини, а потоа преку печатот министрите ќе се јадат меѓу себе и ќе си подметнуваат се и сешто.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Има ли таков вид анализа направено за да може да се одлучува мериторно. Или, едноставно се вели, нека бидат со катализатори, ќе ја заштитиме животната средина. Добро, супер, треба да ја заштитиме животната средина. Ама, површноста на сето ова се гледа и низ тоа прашање.

Зошто, ако треба да ја заштитиме средината со катализатори на возилата не кажеме дека ниту едно возило, со друг закон, не може во Република Македонија од денеска натаму да се регистрира без катализатор. Туку на увезените. Каква е разликата меѓу вакввото решение што се предлага и ова, вака површно соопштено, набрзина соопштено решение?

Разликата е голема, затоа што кога ќе им кажете на граѓаните дека нема да им се регистрираат возила без катализатор, тоа значи некои луѓе веднаш со идеја, со деловна способност ќе отворат работилници, дуќани, фирми за набавка на катализатори, или за правење или за монтирање, па ќе се отворат работни места за граѓаните на Република Македонија. Значи, кога се предлага нешто, мора, мора многу добро да се обмисли.

Прашањево има микро аспекти, прашањето има вакви макро аспекти, Владата треба да ги разгледа сите. Аргументацијата на Стојковски е една, аргументацијата оваа макро аргументација е друга, се разбира, а се разбира и

индивидуалните потреби на граѓаните кои сакаат да отворат бизнис со половни возила. И тоа е аргументација и тоа се некои интереси кои сакаат да го имаат тоа.

Но кога неможете сите тие три аспекти да ги задоволите или најмалку три аспекти, тогаш ќе направите плус - мипус, што е поважно во дадениот момент. Кога државата ќе има малку повеќе девизни средства, ајде ќе ги отвориме сите славини за одлив на девизи. Но, ја прашувам Владата како ќе го затворат трговскиот биланс? Платниот биланс? Ќе го затвора ли постојано со овие кредити што ги зема? Еве и годинава ќе има, Буџетот ќе дојде овде. Значи, има многу -многу аспекти и јас сакав да посочам на тоа. Ми се чини дека треба уште еднаш добро да го обмисли ова Владата на РМ, да не подлегнува на лобистички групи, кои што во дадениот момент имаат нос, имаат мирис, да заработат. Имаат мирис, а ова е едно подрачје, еко подрачје на кое што некој добро ќе се офајди, тие добро го знаат, во тоа бидете сигурни, добро го знаат тој занает и во другите држави. Меѓутоа, таа не треба да подлегне, сепак таа треба да го погоди поширокиот интерес.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Петар Гошев.

Збор има господинот пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници, навистина, ова прашање предизвикува голем интерес кај сите нас и пратеници и Влада, а посебно кај граѓанството, кое навистина е заинтересирано за оваа материја. И мислам дека добро е што некои наши колеги пратеници го покренаа ова прашање, добро е што Владата го прифати како такво и го доставува својот предлог до Собранието.

Меѓутоа, мислам дека изгледа нецелосно го има согледано овој аспект и ни дава само едно делумно или половично решение. Зошто делумно или половично? Затоа што се оди исклучиво во сферата на патничките возила, односно лесните моторни возила, додека делот кај тешките моторни возила автобуси и други превозни средства воопшто не се зеле предвид за разгледување.

Мислев, ако веќе Владата излегува со таков еден предлог, да излезе со поелегантно решение, во глобала да го реши проблемот со возниот парк во Република Македонија.

Се согласувам со моите колеги пратеници кои кажаа дека возниот парк во Република Македонија е во очајна состојба, стар 10 - 12 - 14 години и повеќе и дека навистина решение е да се возобнови. Меѓутоа, мислев дека Владата, пред се, ќе го согледаше проблемот од економски аспект, ќе направеше опстојни анализи и ќе увидеше дека, можеби со намалување на царините, со намалување на даноците на промет, ќе успее да ги принуди граѓаните да купуваат нови моторни возила, што ќе ги исполнуваат сите стандарди и квалитети што ќе не носат во Европа.

Тука слушнавме и неколку дискусии околу тоа дека, како пратеници во Собранието треба да се грижиме и за еколошкиот аспект и во образложение на овој закон токму тоа стои дека, со набавката на моторни возила со катализатори, ќе се зачува и животната средина иако, јас да бидам искрен чисто се сомневам во тоа, многу овде размислуваме за тој аспект, а дека е тоа така јас можам да ви кажам со исфрлањето на точката од дневниот ред околу заштитата на одредени природни богатства во Република Македонија. Така што околу нашата еколошка свест мислам дека треба сите малку да подразмислиме, затоа што таму алтернатива нема. Или ја чувате или не ја чувате животната средина.

Така што, мислам дека Владата, сепак, треба по опстојно да го изанализира овој проект, да донесе предлог - мерки што, навистина, на подолг временски период ќе го решат овој проблем со моторните возила и на крај, мислам дека на тој начин ќе им овозможиме на сите слоеви на граѓаните да дојдат до, релативно нови моторни возила или до нови моторни возила што понатаму, нема да бидат предмет на расправа.

Така што, мислам дека сепак би било подобро ако систематски се разгледа предлогот, што мислам дека господинот координатор Карангелески го кажа, целосно да се реши проблемот за да не дојдеме во ситуација за еден - два месеци, можеби, повторно да правиме измени и дополнувања на Законот за надворешно - трговско работење, да ги усогласуваме повторно одредени одредби што сега ќе ги донесеме, повторно со овој закон.

Еве толку, благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор во врска со ова прашање?

Збор побара господин Тодоров Ѓорѓи.

**ТОДОРОВ ЃОРЃИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, сакам да кажам една дискусија во врска со овој закон, во насока на тоа дека мислам, бидејќи

Република Македонија нема сопствена автомобилска индустрија и нема што да штитиме во насока на увезување на моторни возила и приклучни возила во Република Македонија.

Мислам дека акцентот на увоз на стари моторни возила и приклучни возила е погрешно фрлен на старосната структура на моторните возила, на годините на старост. Мислам дека акцентот треба да се фрли на техничката исправност на моторните и приклучните возила, од два аспекти, од еколошки, зачувување на животната средина на Република Македонија и од аспект на безбедносниот аспект, моторните возила како учесници во сообраќајот. Значи, дали нивната техничка исправност е во таква мерка, со одредени критериуми, каде што со појавувањето во сообраќајот нема да дојде до загрозување на безбедноста на сообраќајот на сите учесници во сообраќајот.

Затоа, акцентот треба да се фрли на техничката исправност на моторните возила и да дадеме либерализација во поглед на увозот на моторни возила, како на моторните возила така и на приклучните моторни возила. Сигурен сум дека нема граѓанин кој ќе купи моторно возило толку старо, што не ќе може да ги исполни критериумите од аспект на зачувување на животната средина или од аспект на зачувување на безбедноста во сообраќајот. Затоа, не гледам причина за ограничување на староста на моторните возила. Туку, да се даде една широка лепеза со претходно пропишани технички критериуми, норми и стандарди, како што ги има секаде.

Во таа насока имаме земји околу Република Македонија каде што старосната структура, односно годините на старост на некое возило не е земено, не е фрлен акцентот на староста на возилото за увоз, туку акцентот е фрлен на техничката исправност. Од тој аспект и ние треба да го гледаме овој закон и да се врати на доработка, поради тие два аспекти и потоа да се даде до Собранието.

Тоа е мое мислење. Доколку го прифати Владата, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ѓорѓи Тодоров.

Претходно за збор се јави господинот министер за трговија Груевски, како предлагач на законот.

Повелете, земете збор.

**НИКОЛА ГРУЈЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе се обидам да дадам одговор или да прокоментирам неколку дискусии што беа водени по оваа точка.

Според она што го забележав, дека некој вели дека министерствата, две или три, правеле некаква анализа и дека треба да се почека таа анализа. Јас сакам да повторам дека овој закон го усвои и на Парламентот го предложи Владата на Република Македонија, каде партиципираат сите министерства. Така што, не може да стане збор, дали едно министерство подготвува нешто или не. Тоа што требаше да се договориме ние се договоривме на Владата. Ставот на Владата е дека овој закон треба да помине, да биде усвоен.

Второ, повеќето од дискутантите спомнуваа дали е потребен катализатор и ја спомнуваше хомологацијата. Сакам да ви укажам на фактот дека од 1994 година, во ЕУ е воведено правило, според кое не може да се возат возила без вграден катализатор. Тоа важи за членките на ЕУ и за асоцијативните членки.

Оттука, Владата ги усвои правилата за хомологацијата при увоз на моторни возила, освен за возила произведени во државите членки на ЕУ и асоцијативните членки, од причина што таму, по сила на закон возилото мора да ги поседува стандардите на хомологацијата.

Сакам да спомнам дека овој закон, освен што има еколошка димензија, има и безбедносна, бидејќи со овој закон, со увоз на понови автомобили се подобрува безбедноста не само на возачите, туку и на другите учесници во сообраќајот. Во никој случај 6 години старо возило не може да биде полошо и помалку безбедно од 17 - 20 години стар автомобил, какви што многу често се возат во Република Македонија. Просечната старост на возниот парк во Република Македонија е 14,2 години.

Што се однесува до царините и даноците, сакам да ви кажам дека и за такво нешто се размислува во Владата. Министерството за трговија пред околу два месеци до Владата поднесе предлог за 50% намалување на царините за увоз на моторни возила, кој предлог е на разгледување во Министерството за финансии. Досега се нема произнесено. Останува да видиме како ќе се изјасни министерот за финансии, а потоа и Владата по тоа прашање. Но, сакам да напомнам дека, се работи и на овој концепт.

Беа изнесени неколку пресметки околу тоа колку ќе чини еден автомобил. Ми се чини дека пресметките се во прилог на тезите што беа изнесени, така што не можам да ги земам како релевантни.

Уште еднаш ќе повторам автомобилите, беше спомнато дека Македонија нема домашна индустрија за

производство на моторни возила. Дека, да кажеме Хрватска, Словенија и Европската Унија исто така дозволуваат увоз на моторни возила стари до 6 години.

Би сакал да ги прокоментирам сугестиите што беа дадени во врска со макро економската анализа. Неколку пати, повеќе пати беше спомнувано во моите настапи дека пресметките покажуваат дека донесувањето на овој закон, ќе има позитивно влијание на буџетските приходи и негативно влијание на трговскиот дефицит. Меѓутоа, секогаш кога нешто сакаме да донесеме и да помогнеме во една сфера, мораме да бидеме подготвени дека во нешто друго мораме малку да загубиме. Не може се да биде идеално.

Според тоа, свесни сме, тоа го кажав уште при самото воведување на идејата за предлагање на ваков закон дека, ќе има мала последица на трговскиот дефицит, каде што возилата се на второ место по увоз во Република Македонија, меѓутоа тоа ќе биде надминато за една две години, кога очекуваме да дојде до обнова на возниот парк во Република Македонија.

Инаку, што се однесува до тоа дека треба да се интервенира, да не може и нови возила да се увезуваат без катализатор, јас се согласувам и тоа треба да биде тема на дискусија, но по некој друг закон. Тоа не спаѓа во домен на ресорот на Министерството за трговија.

Но, како и да е Владата би можела во иднина да разгледа една таква верзија, и новите возила да мора да имаат катализатор. Особено заради тоа што и најпознатите фирми за производство на возила во ЕУ, имаат производство на една, т.н. категорија на возила за источниот пазар, каде што многу често изостанува вградување катализатор за возилото да биде по евтино и по привлечно за посиромашните слоеви, кои живеат во овие држави. Така што, за да го подигнеме еколошкото ниво во државата, мислам дека ресорното министерство во чиј домен спаѓа еден таков закон, треба да и понуди на Владата еден ваков предлог. Уште повеќе што во Република Македонија многу често се увезуваат нови коли или т.н. нови коли кои три - четири години стојат на плацеви. Експертите за возила велат дека е многу полошо да се купи нова кола, што четири години или две години стоела на плац, отколку стара кола што три или четири години била возена.

Благодарам за вниманието и предлагам Парламентот да го усвои овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за дополнителните информации од страна на господинот министер за трговија Груевски.

Јас повеќе не гледам пријавени дискутанти.

Според тоа, бидејќи никој друг не бара збор...

Госпоѓата Наталија Марковиќ - Димова повелете.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Процедурално, господине претседателе, почитувани колеги пратеници, со оглед дека пратеникот Алија Шахиќ го повлече својот Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно – трговско работење, остана единствено можноста да се произнесе амандмански по Законот за кој што расправаме, по точката 30 од дневниот ред.

Со оглед на тоа, во име на Пратеничката група на Демократска алтернатива барам еден час пауза, за да се состане пратеничката група и амандмански да се произнесеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Штом бара пратеничка група, еден час пауза.

(Пауза од 14,05 до 16,05 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,05 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи го заклучивме претресот по Предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

Ве молам да гласаме.

Од 61 пратеници кои што гласале, 55 се за", 2 се 'воздржани" и 4 се "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Со оглед на тоа што 59 пратеници гласале, дали можете да ги пребороите физички колку пратеници се присутни во салата.

Присутни се 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандман на член 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мухамед Таири, Јонуз Абдулаи и Фадил Бајрами поднесоа амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јордан Бошков и Чедомир Краљевски поднесоа амандман за менување на член 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Фатмир Етеми поднесе амандман за менување на член 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Хисни Шакири и Назми Кадриу поднесоа амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Алија Шахиќ поднесе амандман за менување на член 1 и за додавање нов член 1-а, по кои Владата на се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

16 пратеници гласаа "за", 4 "воздржани" и 38 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

10 пратеници гласаа "за", 5 "воздржани" и 47 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Мухамед Таири, Јонуз Абдулаи и Фадил Бајрами.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Амандманот го повлекуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во име на сите тројца го повлекувате?

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратениците Јордан Бошков и Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Амандманот го повлекуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, нема потреба да се произнесува претставникот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Хисни Шакири и Назми Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

11 пратеници гласаа "за", 7 "воздржани" и 45 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратениците Хисни Шакири и Назми Кадриу.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

16 пратеници гласаа "за", 3 "воздржани" и 44 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ваков амандман беше на дискусија пред Владата, една ваква теза и Владата не го прифати.

Според тоа Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, со оглед дека во иницијалниот предлог од предлагачот предмет на измена на овој закон е само член 79 став 3 и со оглед дека сега добиваме амандман, кој се однесува на член 11-а од Законот за кој ние немаме текст во овој момент, како е оригиналниот член кој се менува, јас мислам дека немаме деловнички услови да одлучуваме наполно, затоа што имаме амандман на член за кој не знаеме како е во оригинал.

За да можеме да се изјасниме по овој амандман, мислам дека прво треба да го добиеме оригиналниот член кој се менува со овој закон. Инаку, ние не знаеме што всушност правиме во вакви услови.

Предлагам секој што поднесува амандман на членови, кои не се опфатени со иницијалниот предлог да ги доставува и членовите кои се менуваат, затоа што тука не се гледа што ние всушност менуваме со овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добивам информација дека во точката 29 го имаше тоа, така што можете да го погледнете и да се произнесете по ова прашање. Инаку, да ви кажам дека тоа го имаше во претходната точка на дневниот ред и се преформулира само во амандман. Ништо друго не се направи повеќе од тоа. Така беше и заклучокот, наместо точка на дневен ред, да одиме со амандман.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

19 пратеници гласаа "за", 3 се "воздржани" и 41 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

17 пратеници гласаа "за", 5 "воздржани" и 43 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1-а, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

54 пратеници гласаа "за", 1 "воздржан" и 9 "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

Минуваме на точката 31 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност.

Второ, Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има во предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ, да се достави до Владата на РМ и Министерството за стопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа "за", 1 "воздржан" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 32 - Извештај од јавната дискусија по Нацртот на законот за спречување на корупција.

Извештајот од јавната дискусија и извештаите од работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара бор?

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, според мене малку е анахроно во однос на методологијата, како оваа работа се одвивала до сега, односно Владата пристапила кон оваа работа наводно дека, прашањето на корупцијата е феномен кој се случува надвор од институциите на системот, значи како некои други структури вршат корупција, а не заправо во центарот на Владата. Сосема е логично дека другите структури објективно и немаат таква можност да дојдат до некоја корупција, дури и мини корупција, односно работникот максимално што може, тоа е обичниот работник да украде некоја лопата, или некој земјоделец да украде лубеница или слично.

Според мене, јавната расправа која беше организирана од страна на Министерството за правда, без оглед на тоа јас сум сигурен дека тоа е направено со искрени намери. Меѓутоа, од призма, од сегмент на Владата, сметам дека јавната расправа има само маркетиншка цел и тоа е една фасада, да не кажам хипокризија.

Едноставно никој не може да биде убеден дека Владата оваа работа си ја фаќа сериозно, односно таа не сака да има корупција во сопствените редови, од причина што корупцијата се наоѓа во Влада. Тешко некој ќе поверува дека реално Владата ќе се ангажира против сопствениот џеб. Според мене, сето тоа е направено за да се стекне впечаток дека, недостасуваат комплетни закони, односно недостасува законската регулатива, која е причина што сепак, под претпоставка, некои структури надвор од Владата вршат корупција. Поинаку ќе беше ако таква регулатива ние поседуваме. Мислам дека и тука нема чесност.

Искрено кажано, во Англија на пример, Англија како држава нема устав, а и бројот на законите е сведен на минимум, така што тие функционираат според некој, како го нарекуваат тие "преседенс", така што одлично функционираат. И таму нема корупција, не затоа што има закони, од проста причина што нема закони, туку нема корупција, затоа што постои свест дека тоа е неморално, значи надвладува свеста за моралноста, за одговорноста и само свеста, за разлика од нас.

Добро е што сепак Министерството одржа разни трибини, собири, консултации по градови, потоа се консултира со разни здруженија, како што е Здружението за казнено право и криминологија, Здружението за судовите и т.н. Тука ништо нема лошо. Меѓутоа, јас сум убеден дека оваа работа е направено се на се само за да се тероризира, со цел да се замагли реалната состојба во овој доста чувствителен домен.

Според мене, законите не се најважните механизми кои можат, особено не превентивно, да ја спречуваат корупцијата, бидејќи секој е убеден дека кај нас корупцијата е во толкава мера, во толкава доза што ниеден форум, ниедна институција, ниеден закон, па ниеден компјутер не може да ја предвиди.

Од јавната расправа е произлезено, а и од предлагачот од Нацртот на законот против корупцијата, се предвидува дека се неопходни промени во некои важни закони, како што е Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и Законот за јавни набавки и дури под претпоставка да ги смениме овие закони, јас не сум убеден дека

премногу сме направиле, од причина што реално ваквите промени од нормативен аспект не верувам дека реално ќе резултира со позитивни резултати, од причина што кај нас не е во прашање недостиг на правни норми во овој домен, туку е во прашање применувањето на тие правни норми, односно нема механизми реално кои ќе ги применуваат тие норми.

Исто така, се предвидува да се формира посебна така наречена Национална комисија, зависи како ќе се нарече во идната законска регулатива, дали тоа ќе се вика Национална комисија или Државна комисија или едноставно ќе се вика комисија, тоа е прашаше на овој Парламент кој ќе одлучи. Меѓутоа, јас сум убеден како институција однапред оваа комисија е осудена на не ефикасност, однапред е осудена на не ефективност, така што јас сум длабоко убеден дека таква комисија ќе ја дели судбината која ја имаше и се уште ја има Советот за меѓунационални односи при претседателот на Република Македонија.

Значи, што е најважно да направиме во овој домен, за да се не елиминира, туку за да се намали корупцијата. Мислам дека е најважно да размислуваме во правец како да изнајдеме реални механизми за практична примена на законите, кои ги имаме и кои и понатаму ќе ги имаме во посовршена форма. Многу е важно што понатаму ќе имаме Закон за јавно обвинителство, од причина што ако немаме јавен обвинител тој нема да зависи директно, односно неговата положба нема да зависи директно од владините структури, сигурен сум дека таа институција и тој орган ќе функционира по соодветно и по законски. И обратно, ако имаме ваква состојба како што е сега предвидено, веројатно дека обвинителите ќе бидат само една маска, која ќе се занимава со терцијалните и секундарните работи.

Значи, многу е важно како во иднина ќе предвидиме како ќе се избираат јавните обвинители. Тоа е многу важно, барем предлогот да оди од една друга институција, која не е непосредно поврзана ниту со Владата, ниту со Парламентот. Барем предлогот да поаѓа од таму, а не од Министерството за правда. Тоа е мое мислење.

Второ, јавното обвинителство - секако, тоа претпоставува измени и во Законот за кривична постапка - мора да се поедностави постапката, иницијативноста, предлозите, дури и анонимните писма да се анализираат, кои се поднесени од граѓани, а кои во својата содржина имаат одредени аргументи, кои заслужуваат да се испитуваат. Многу е важно таа постапка да се поедностави.

На крајот да кажам за овој домен, односно за областа на корупцијата која е рак рана и на нашата држава, да не кажам посебно за нашата држава, е од витално значеше ние како држава да престанеме овој сегмент да го експлоатираме за надворешна реклама или пак за внатрешна реклама, туку да си седнеме со сите компетентно, првенствено професионални компетентни институции, да се договориме што може да се направи во правец на ефективното искоренување, ако не искоренување, тогаш намалување на оваа штетна појава во државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мерсел Биљали.

Дали некој друг  бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ќе ве молам, навистина, многу пратеници заминаа, ако се по ходниците нека влезат внатре. Повторно ни опадна кворумот, дајте соберете ги пратениците нека влезат внатре, овде се работи. Навистина, не гледам веќе, 50 и неколку пратеници имаме. Сосема комотно се однесуваат, излегуваат, а сега имаме точки за избори на судии. Дајте нека влезат пратениците кои се по ходниците. Ако не, ве молам, пребројте уште еднаш, да не сум јас во грешка. Немаме доволно, навистина ова не оди, 50 и нешто луѓе имаме внатре, а треба навистина да одлучуваме 61 пратеник.

Пред малку имавме 61 пратеник, а сега пак излегуваат.

(Некој пратеник од место ги искажува зборовите: "63 пратеници се внатре").

Сега службите ќе ги пребројат, нека влезат внатре. Треба да се гласа.

Повелете Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Не само што постои еден конформизам, премногу очигледен, во работата на Парламентот, меѓутоа, тој конформизам се употребува малку и за театар правење, што се однесува барем околу овие прашања и изгледа дека мораме малку посериозно оваа работа да ја разгледаме околу работата на Парламентот, затоа што можеби тоа е тешко докажливо, меѓутоа, ако влеземе во такви полемики, јас мислам дека ќе докажеме, бидејќи постојат некои тивки однесувања на опструкција за работата на Парламентот и мислам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има причина да се сомнева во однесувањето и постапките и на пратеници и на некои пратенички групи во Парламентот, во барање на паузи за разни прашања, до

размислувања со часови за одредени прашања, кои апсолутно не бараат толкав период за осмислување на тие нешта, затоа што во Парламентот можеме убаво да погледнеме.

На пример, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, дури кога има потреба пратениците од нашата пратеничка група да не претставуваат дали со присуство во странство на разни соработки или професионални обврски, дали меѓу парламентарни или учество во разни групи и форуми, па и во земјата, или пак ептен од личен карактер, главно се тука присутни. Мислам дека тоа треба да се има предвид. Ова го говорам затоа што, пред јавноста многу често се внесуваат забуни, а знаеме дека ВМРО-ДПМНЕ е најголема пратеничка група и со тенденција тоа да оди на негативно конто на нашата пратеничка група.

Така, мислам дека јавноста треба да знае, ако и во Парламентот функционира една коалиција, врз основа на чии состав функционира и Владата на Република Македонија, дека одговорноста ја сносиме заедно трите коалициони партнери, меѓутоа, бидејќи некои работи очигледно многу се злоупотребуваат и тоа вешто, ние при секоја ваква ситуација ќе инсистираме да се регистрира - ако не друго, туку да не се мешаме во работата и однесувањето на опозицијата, таа има исто така право на секаков вид стратегија и однесување, тогаш ќе ги разгледуваме барем сериозноста, однесувањето, професионалното однесување на трите коалициони партнери, кои треба да бидат присутни во работата на Парламентот и со своето однесување кога се присутни да ја покажат конструктивноста.

Мислам дека има несериозен однос, ние се согласуваме, но ни далеку не доаѓа од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека сум јасен и најверојатно ќе треба да поразговараме и на ниво на пратенички групи. Апсолутно мислам на сите пратенички групи, меѓутоа, исто така и ние ја сносиме одговорноста, коалиционите партнери кои сме присутни во Парламентот. Исто така, мислам дека ќе треба посериозно да ги разгледаме можностите кои стојат на располагање, да се применат некои механизми кои стојат на располагање или ако можеме да воведеме на било каков начин, за да се запази присуството на седниците. Во која форма и какви принципи ќе воведеме, мислам дека треба да размислиме, затоа што вака маркетингот за кој сега станува збор, што е разбирлив секаде, па меѓу другото и во политиката, се покажува дека секаде и во политиката е најефикасен доколку тоа го говорите за некој друг. Така се постигнува личен маркетинг со најголем ефект. Од овие причини, мислам дека кога не можеме да преминеме многу брзо на средување на овие работи во рамките да речеме на Деловникот, бидејќи очигледно таму работите не се поставени ни од далеку како што треба, сме учествувале во некои работи на други парламенти, таму сме виделе дека работата на парламентарните седници воопшто не е зависна од присуството на пратениците, на пример, повеќе од половина да се присутни на седниците, да има кворум. Тие работат со оние кои се заинтересирани за дневниот ред или за точката од дневниот ред, работат со оние пратеници кои се можеби поврзани со темата на локално ниво или во својата изборна единица. Битен е моментот на гласањето.

Очигледно, ни од далеку со овој Деловник не можеме да ги регулираме работите на таков начин и очигледно тоа е голема причина за блокирање на работата на Парламентот. Меѓутоа, поради сето тоа ние сега правиме овде речиси секоја седница политички маркетинг, со цел се знае - ние сме во таа позиција сега како пратеничка група најголема, за да се книжи на негативно конто кај нас. Претпоставувам дека и во поранешните состави некои поголеми парламентарни групи можеби го имале истиот проблем. Ова го говорам дека имаме навистина сериозни причини, можеби Претседателството на Собранието да поведе некои иницијативи за да се до регулираат некои вакви прашања. Се сеќаваме, кога беше Државната изборна комисија на дневен ред, имавме дилема дали е веродостојна бројката на пример од 59 кои го притиснале копчето, а 95 стои присутни картици. Во Собранието имаше 64 или 65 пратеници, но нам тогаш ни одговараше да се направи политички маркетинг и да се оцрни ВМРО-ДПМНЕ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Пауновски, морам да ве прекинам, затоа што не е ни процедурално, а морални придики сега овде не се држат.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ќе ми дозволите, процедурално е, ова е опструкција на работата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сум должен да постапувам според Деловникот, да не се донесе незаконита одлука.

Ако има 61 пратеник во салата, продолжуваме со работа.

Ако нема 61 присутен пратеник, што ќе очекувате.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Па има 61 пратеник во салата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да не пребројат и да видиме.

Јас гледам дека овде многу си отидоа и затоа ги канам да влезат внатре.

Вие немате претстава.

Нека пребројат, ако има 61 пратеник да продолжиме со работа, а не предавања да ни држите сега.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

А мислите дека ова не е битно?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не, јас мислам дека е битно за после да расправаме, а не овде пред јавноста.

Затоа, евентуално да видиме имаме или немаме кворум и немојте сега тоа да се адресира на овие или оние.

Коалицијата ќе си ги расчисти работите внатре, а не пред јавноста.

Ако денес не нема 61, што и да кажеме, не можеме да одлучиме.

Затоа, ќе ве молам, денес да преброиме и ако има 61 пратеник, продолжуваме со работа, како што и пред малку реков дека 61 пратеник се внатре и да продолжиме со работа.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Дозволете да завршам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, немојте да гледате картиците кој ги оставил - не ги оставил.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Видете господине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте сега вака господине Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Дозволете да завршам, не го злоупотребувајте микрофонот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие не можете да завршите затоа што ќе ни држите цел час предавање овде за односи во коалицијата.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ете, вие го губите времето на работите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не го губам, јас сакам само да се пребројат пратениците.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Дозволете да завршам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ќе завршам со ова: Не ми е јасно каде вие се најдовте во она јас што го зборував, па сега дури и апострофирате пратеничката група на која и припаѓате.

Не ми е јасно зошто се препознавате во тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И јас не знам вие зашто се препознавате како најголема пратеничка група, но сеедно е.

Ќе ве молам, дали имаме 61 присутен пратеник во салата?

А после и дали вредеше ова што се говореше.

Ако вреди, вред, продолжуваме понатаму.

(По пребројувањето).

Значи, 59 пратеници се присутни во салата, немаме 61 пратеник.

Според тоа, не можеме полноважно да одлучуваме.

Не се 61 пратеник внатре.

Тие треба да притиснат, а не може некој друг за некого да притиска.

Според тоа, седницата ќе ја продолжиме дополнително.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

(Без уклучен микрофон). Кажете и на службата да ги повика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Па нема ги, ги викам, надвор се.

Ја прекинувам седницата бидејќи нема 61 присутен пратеник и како можеме да одлучуваме?

59 пратеници се внатре.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Малку дисциплина да се воведе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Малку дисциплина ќе воведеме секој во својата пратеничка група.

Продолжението на седницата ќе го закажам дополнително.

Ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина во 16,45 часот).